Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

# ПОЛИТИКА ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

Со овој документ се уредува политиката за волонтирање на организацијата

Една од темелните вредности на кои е основана ХЕРА е волунтаризмот. Волунтаризмот во ХЕРА претставува движечка и мотивичарка сила. Младите во ХЕРА се сржта на волунтаризмот.

## 1. Вовед

Волонтерот/ката е личност која верува, ги споделува и ги промовира мисијата и визијата на ХЕРА за градење на слободно и правично општество, ослободено од дискриминација, во кое сексуалните и репродуктивните права се загарантирани за секој и општество во кое се почитува правото на слободен избор, а воедно, се залага и за унапредување на човековите права на сите луѓе во областа на сексуалното и репродуктивно здравје, засновани на принципите на социјална правда и родова еднаквост.

Волонтерот/ката е лице вклучено во активностите од одредена програма и сервиси во организацијата, при тоа за времето, знаењето и трудот кои ги посветува на организацијата, волонтерот/ката не добива парични или какви било други средства.

Волонтерите/ките се мотивирани, пред сѐ, од ентузијазмот, љубопитноста за знаење и добивање на вештини, личниот развој како и идентификувањето со вредностите на ХЕРА во исполнување на визијата и мисијата.

Волонтерите/ките делуваат во своето слободно време сѐ со цел да направат промени во општеството во кое живеат, да ги унапредат сексуалните и репродуктивните права на своите врсници и сограѓани на локално и национално ниво.

Волонтерите/ките, преку активно вклучување во активностите на организацијата на застапување, обезбедување на образование и услуги и континуиран и системски развој и истражување во организацијата делуваат во исполнување на поставената цел, а воедно, се градат себе си и вложуваат во својот личен раст и развој. Волонтерите/ките можат, но не мораат да бидат членови на организацијата и можат да бидат избрани во структурата на организацијата, во согласност со Статутот на организацијата.

Во организацијата може да волонтира секој заинтересиран, чиј интерес и заложби се во согласност со политиките на организацијата. За лицата кои сакаат да волонтираат во организацијата нема ограничувања по никаков основ. Волонтерите/ките ќе се мотивираат да се вклучат во промоција и заштита на правата на маргинизираните заедници и, притоа, ќе се стремат кон обезбедување на услови за учество на лица кои искусиле некаков вид на исклученост.

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

## 2. Принципи

Организацијата има обврска да им обезбеди на волонтерите/ките можности и услови за нивно вклучување, имајќи ги предвид нивните капацитети, образование и интерес, во програмите и сервисите на организацијата односно во застапување, обезбедување на образование и услуги и континуиран и системски развој и истражување. Организацијата, исто така, ќе се залага и ќе создава можности за нивно вклучување на сите нивоа на нејзиното дејствување.

Организацијата го препознава придонесот на волонтерите/ките во работата на организацијата, пред сè како нивен личен мотив и развој во унапредување сексуалното ирепродуктивното здравје, како на ниво на програми така и на ниво на сервиси, Организацијата смета дека волонтерската работа носи различни нематеријални придобивки за самите волонтери/ки, за корисниците/чките на сервиси и за вработените во организацијата.

Вработените ќе работат со волонтерите/ките и активно ќе бараат начини за нивно вклучување во активностите на организацијата.

Управниот Одбор ќе определи специфични и конкретни активности во кои волонтерите/ките ќе бидат вклучени на годишно ниво.

Активносите на волонтерите/ките ќе бидат  идентификувани на годишно ниво,во Годишна програма за волонтери/ки, согласно активностите на организацијата,во која меѓудругото ќе бидат дефинирани волонтерските часови, описот на работни задачи на волонтерот/ката, како и одговорното лице за волонтерот/ката, водејќи се пред се  од барањата и потребите на волонтерите/ките и тековните активности на организацијата. Организацијата ќе презема мерки да вклучи волонтери/ките со широк спектар на искуство и знаење.  Волонтерите/ките не може самостојно и целосно да ги извршуваат работните задачи на вработените.

Нема да се врши дискриминација на волонтерите/ките врз основа на возраст, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет , попреченост, социјално потелко, политичка ориентација и друго.

Доколку волонтерот/ката повреди или злоупотреби одреден принцип на работа, односно правило на работа во организацијата, ќе бидат преземени мерки од страна на организацијата, согласно постоечките прописи во организацијата.



A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

X. E. P. A.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје

тел. 02/3290 395
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

## 3. Регрутација

Регрутација на волонтери/ките се остварува по отворен пат. Лицата кои сакаат да се приклучат, треба да пополнат пристапница, достапна на веб страната на ХЕРА.

Регрутацијата ќе се врши на доброволна основа, а организацијата има за обврска да го штити личниот интегритет и достоинство на волонтерот/ката.

Процесот за регрутација се одвива преку пополнување на пристапница како интерен документ на организацијата. Истата се доставува до организацијата преку електронски пат, по што ХЕРА е должна да го/ја запознае волонтерот/волонтерката со опциите за волонтирање, доколку заинтересираната личност ги исполнува условите и ги прифаќа принципите на ХЕРА.

## 4. Поддршка

Поддршката на волонтерите/ките се заснова на отворен и искрен дијалог.

За волонтерите, организацијата ќе определи одговорно лице кое ќе ја следи нивната волонтерска активност и истовремено ќе им дава редовна поддршка и помош при спроведување активностите, а воедно редовно ќе врши мониторинг и евалуација на активностите кои ги спроведува волонтерот/ката.

Личните податоци и информациите кои се однесуваат на работата на волонтерот/ката ќе бидат од доверлива природа помеѓу вработениот/ната и волонтерот/кат и ќе се користат исклучиво за потребите на волонтерот/ката. Времето и активностите на волонтерот/ката ќе бидат редовно бележани од страна на одговорното лице, врз основа на што волонтерот/ката ќе биде вреднуван/а на крајот од годината.

За волонтерите/ките кои се малолетни лица, организацијата ќе обезбеди лица за контакт.

## 5. Крај на волонтерската работа

Ќе биде уредена со временската рамка на Годишната програма за волонтери за тековната година.

Кога волонтерот/ката ќе заврши со својата волонтерска работа, ќе биде прашан да даде повратна информација за искуството и за знаењето кое го добил од волонтерската работа.

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

**6. Придобивки**

Свесни дека волунтаризмот е многу силна алатка за вклучување на лица и нудење на можности за личен развој како и општествено – развојни промени и можности за учество и донесување на одлуки, бенефитот на волонтерот/ката за неговиот/нејзиниот личен развој е пред сѐ во зајакнување на начинот на размислување и делување, самодовербата, знаењето, неговите/нејзините вештини и техники, коишто, можеби се немерливи, но се видливи. Дополнително, придонесот на волонтерот/ката се препознава и во направената промена на некоја личност или заедница, а воедно и можноста за професионална реализација.

Волонтерите имаат право да побараат и да им биде обезбедена препорака за нивната волонтерска работа .

Волонтерите/ките кои со својата активност и волонтерска работа ќе дадат значителен придонес придонесат кон мисијата на ХЕРА имаат можност да се здобијат со официјално признание за својот придонес или со сертификат.

**7. Финансиски средства/Годишна програма**

На волонтерите/ките кои ќе бидат вклучени и ќе спроведуваат одредени активности во програмите и сервисите на организацијата ќе им бидат надоместени дневни и патни трошоци, согласно постоечките прописи на организацијата.

Вработените во организацијата заедно со волонтерите/ките имаат право и можност да аплицираат за средства во домашни и меѓународни фондови и фондации за споведување и поддршка на Годишната програма на волонтерите.